Совет на Општина Делчево
Број 09- 2411/2
23.11.2022 година
Делчево

ЗАПИСНИК
од одржаната 16.седница на Советот
на Општина Делчево

Седницата се одржа на 30.11.2022 година во Мултимедијалниот центар во Спомен-домот АСНОМ во Делчево, со почеток во 12:00 часот.

На седницата присуствуваа сите 15 членови на Совет, секретарот на Општина Делчево, раководители на Сектори и одделенија во Општина Делчево, како и образлагачите на точките.

Седницата ја отвори и со неа претседаваше претседателот на Советот, кој на почетокот пред сите присутни ја прочита реакцијата од група советници во врска со Отчетот на Градоначалникот на Општина Делчево за неговата едногодишна работа во кој тој користи несоодветни и навредливи термини за советниците, а во врска со искажаните нивни критики за работата на поединци од општинската администрација. Имено, во Отчетот градоначалникот за советниците вели дека *одредени советници јавно и безобразно ја напаѓаат општинската администрација, дека ги омаловажуваат работниците и дека угледот се заслужува со работа и со домашно воспитување*. Претседателот на Советот истакна дека позитивната критика и посочувањето на слабостите , пропустите и недостатоците во работата на поединци од општинската администрација, без искажување на лични навреди на службениците, не е омаловажување, туку напротив е единствен услов за напредок. Користењето на несоодветни термини за советниците од страна на градоначалникот не му доликуваат нему лично, уште повеќе што тоа го истакнал во отчет за сработеното во минатата година. Го повикувам јавно да им се извини на советниците и да го реафирмира својот личен став кон Советот на Општина Делчево како орган на општината, рече претседателот на Советот.

За 16.седница на Советот на Општина Делчево тој го предложи следниот

Дневен ред

-Усвојување на Записник од 15. седница
на Советот на Општина Делчево

1.Предлог-Одлука за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу општина Општина Штип, Општина Берово, Општина Виница, Општина Делчево, Општина Зрновци, Општина Карбинци, Општина Кочани, Општина Македонска Каменица, Општина Пехчево, Општина Пробиштип и Општина Чешиново-Облешево;
2.Предлог-Одлука за формиарње на заедничка комисија за меѓуопштинска соработка помеѓу општина Општина Штип, Општина Берово, Општина Виница, Општина Делчево, Општина Зрновци, Општина Карбинци, Општина Кочани, Општина Македонска Каменица, Општина Пехчево, Општина Пробиштип и Општина Чешиново-Облешево;

3.Предлог-Решение за именување на членови на заедничка комисија за меѓуопштинска соработка помеѓу општина Општина Штип, Општина Берово, Општина Виница, Општина Делчево, Општина Зрновци, Општина Карбинци, Општина Кочани, Општина Македонска Каменица, Општина Пехчево, Општина Пробиштип и Општина Чешиново-Облешево;
**Образлагач**: По точките 1,2,3 -Ивана Ивановска-Советник за правни работи и застапување.
4.Квартален извештај за извршувањето на Буџетот на општина Делчево за квартал 3 од 01.01.2022 до 30.09.2022 со Заклучок за усвојување;
**Образлагач**: Анка Христова-Раководител на Одделение за буџет, сметководство и администрирање на даноци.
5. Предлог-Програма за дополнување на Програмата за изработка на урбанистички планови на подрачјето на општина Делчево за 2022 година;
**Образлагач**: Горан Петровски-Советник за урбанизам и енергетска ефикасност.
6. Акциски план за намалување на последиците од КОВИД 19 кај ромската етничка заедница во пост-КОВИД период на локално ниво Општина Делчево со период на имплементација од 2023 година до 2024 година со Заклучок за усвојување.
7. Заеднички Локален Акциски план на Општина Делчево и ромската етничка заедница со период на имплементација од 2023 година до 2026 година со Заклучок за усвојување;
**Образлагач**: По точките 6 и 7-Џулиета Мемедова-самостоен референт за безбедност и здравје при работа.
8.Предлог-Одлука за задолжување со комунална такса за користење и одржување на јавно осветлување;
9. Предлог-Одлука за формирање на Локален совет за превенција;
10.Предлог-Одлука за формирање на Совет за јавно здравје на Општина Делчево;
11.Предлог-Одлука за формирање на Комисија за заштита на правата на пациентите;
12.Предлог-Одлука за формирање на Совет за заштита на потрошувачите
**Образлагач**: По точките 8, 9, 10, 11 и 12-Тони Стоименовски-Советник за Локален економски развој.
13.Предлог-Одлука за одобрување на финансиски средства за печатење на книга „Дејноста на МРО во Пијанец од создавањето до крајот на Илинденското востание“.
14. План на Програми за развој на Општина Делчево за 2023 година со Заклучок за усвојување;
**Образлагач:** Звонко Атанасов-Раководител на Сектор за урбанизам, уредување на градежно земјиште, комунални работи и сообраќај и заштита на животна средина.
15 Предлог-Заклучок во врска со барање бр.25-2382/1 од 17/11.2022 на МЗ с.Вирче;
16.Предлог-Одлука за одобрување на финансиски средства на НВО„КХАМ“;
17.Предлог-Одлука за одобрување на финансиски средства на на Кик -боксинг клуб „АС“ од Делчево;
**Образлагач**: По точките 17 и 18-Гоце Попов-Претседател на Совет.
18. Прашања и предлози на членови на Совет.

Претседателот отвори расправа по дневниот ред.

За збор се јави Кирил Тренчевски кој рече дека на претходната 15.седница на Советот, под точката прашања и предлози тој предложил за наредна седница на Советот на Општина Делчево, да се изготви измена на Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Делчево за 2022 година бр.09-2536 од 28.12.2021, односно да се избрше членот 15 од истата одлука кој се однесува на патните и дневните трошоци. Бидејќи од тогаш до

денес, до мене и до претседателот на Советот не е доставена ваква одлука и не е ставена на дневен ред, барам дневниот ред за оваа седница да се дополни со оваа точка бидејќи согласно член 15 и член 148 од Деловникот, предлог-одлука може да се донесе и на предлог од член на Советот и барам мојот предлог да биде ставен на гласање, рече тој.

Сашко Ивановски предложи точките под реден број 9,10,11 и 12 да се тргнат од дневен ред бидејќи овие тела и комисии се проформа и постојат само на хартија, не работат и со ништо не придонесуваат за подобрување на животот на граѓаните и нивните права кои овие неколку години секојдневно се соочуваат со поскапувања, сиромаштија, елементарни непогоди и низок стандард.

Иван Гоцевски рече дека тој преку архива на Општина Делчево доставил 2 барања до Советот и тоа: Барање за опесочување/тампонирање на патот од Филиско маало во с.Драмче до регионалниот пат Делчево –М.Каменица и Барање за реконструкција на кровот на Спомен-домот АСНОМ. Бидејќи истите не се ставени на дневен ред, барам истите да бидат ставени на дневен ред согласно член 148 и член 149 од Деловникот. Исто така, барам согласно член 21 од Статутот на Општина Делчево, на денешната седница да се расправа за доделување на награди или пофалници на ученици кои постигнале забележителни успеси на натпревари на национално ниво, рече тој.

Претседателот на Советот рече дека во врска со првите 2 предлога потребно е да се испочитува постапката дадена во Деловникот, во членот 149. Потребно е да има мислење од градоначалникот, а што се однесува до 3-тото барање за доделување на награди или пофалници на ученици кои постигнале забележителни успеси на натпревари на национално ниво, Советот има донесено Правилник за начинот, условите, критериумите и постапката за доделување на награди и признанија на Општина Делчево.

Иван Гоцевски рече дека за првите 2 барања постапката дадена во Деловникот е испочитувана од негова страна. За едното барање (тампонирање на патот од Филиско маало с.Драмче до регионалниот пат) има добиено мислење од градоначалникот и тој не се согласува со мислењето.

Претседателот на Советот рече дека тој како претседател нема добиено мислење од градоначалникот и затоа не е запознаен со истото Мислење. Согласно Деловникот, подносителот на Иницијативата требало до претседателот на Советот да го достави и Мислењето од градоначалникот и барањето.

Претседателот отвори расправа по Записникот.

За збор се јави Иван Гоцевски кој рече дека на минатата седница од страна на советникот Марјанчо Велиновски било поставено писмено прашање до директорката на СОУ „М.М.Брицо“ и се уште нема добиено одговор, па побара претседателот на Советот да интервенира за одговор.

Исто така, советничката Стефанија Атанасова Јовановски имала прашања до директорот на ЈКП „Брегалница“-Делчево за кои директорот јавно дал одговор во кој има тенденција на закани кон советничката. Тој истакна дека сите советници имаат право да поставуваат прашања до надлежните раководни лица и од самите советници, но и прашања од граѓаните, ниту еден директор или раководно лице не смее да се закан(у)ва на било кој советник за поставено прашање и затоа барам од Вас како претседател да преземете мерки.

Претседателот на Советот рече дека во врска со првата забелешка на Иван Гоцевски-за прашањето до директорката на СОУ „М.М.Брицо“ лично ќе се заложи советниците да добијат одговор. Во врска со втората забелешка, претседателот на Советот рече дека тој акко претседател нема надлежност да ги оценува прашања што ги

поставуваат советниците и одговорите што ги даваат раководителите, директорите, градоначалникот и администрацијата. Немам можности да интервенирам во содржината на одговорите како претседател на Советот, доколку Вие или било кој друг член на Советот, сметате дека има елементи на закана за некој советник, постапете, си има надлежни институции за тоа, рече Г.Попов, претседател на Советот.

Бидејќи никој друг не се јавуваше за збор, претсеадтелот ја затвори расправата по Записникот од 15.седница и истиот го стави на гласање.

Со 14 гласа „ЗА“, „против“ и „воздржани“, нема, Советот на Општина ДЕлчево го усвои Записникот од 16.седница на Советот на Општина Делчево.

Кирил Тренчевски координатор на советничката група на СДСМ и коалицијата, побара пауза од 10 минути за да може општинската администрација да ја изготви Одлуката за изменување на Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Делчево за извршување на Буџетот на Општина Делчево за 2022 година;

Претседателот го прифати барањето и беше дадена пауза од 10 минути.

По паузата 16.седница продолжи со работа по усвоениот дневен ред.

Прва точка-Одлука за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу општина Општина Штип, Општина Берово, Општина Виница, Општина Делчево, Општина Зрновци, Општина Карбинци, Општина Кочани, Општина Македонска Каменица, Општина Пехчево, Општина Пробиштип и Општина Чешиново-Облешево;

Оваа точка ја обрзложи Ивана Ивановска-Советник за правни работи и застапување која истакна дека на 07.07.2022 година, Советот на Општина Делчево донел Одлука за воспоставување на меѓуопштинска соработка. Со денешната одлука се воспоставува меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Штип, Општина Берово, Општина Виница, Општина Делчево, Општина Зрновци, Општина Карбинци, Општина Кочани, Општина Македонска Каменица, Општина Пехчево, Општина Пробиштип и Општина Чешиново-Облешево заради заедничко вршење на работите од надлежност на општините во рамките на проектот „Дигитализација на општинските услуги во Источен плански регион“.Меѓуопштинската соработка од член 1 на оваа Одлука ќе се остварува преку склучување на договор за вршење на определени работи од страна на една општина за една или повеќе други општини .

Претседателот отвори расправа по точката.

Бидејќи никој не се јави за збор, истата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 14 гласа „ЗА“, против и воздржани-нема, Советот на Општина Делчево ја донесе Одлуката за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу општина Општина Штип, Општина Берово, Општина Виница, Општина Делчево, Општина Зрновци, Општина Карбинци, Општина Кочани, Општина Македонска Каменица, Општина Пехчево, Општина Пробиштип и Општина Чешиново-Облешево.

**Втора точка-Одлука за формирање на заедничка комисија за меѓуопштинска соработка помеѓу општина Општина Штип, Општина Берово, Општина Виница, Општина Делчево, Општина Зрновци, Општина Карбинци, Општина Кочани, Општина Македонска Каменица, Општина Пехчево, Општина Пробиштип и Општина Чешиново-Облешево;**

И оваа точка ја образложи Ивана Ивановска која рече дека се однесува на формирање на заедничка комисија за меѓуопштинска соработка помеѓу наведените општини. Комисијата ќе изготви предлог акти за основање или формирање облици преку кои ќе се остварува меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Штип и Општина Берово,

Општина Виница, Општина Делчево, Општина Зрновци, Општина Карбинци, Општина Кочани, Општина Македонска Каменица, Општина Пехчево, Општина Пробиштип и Општина Чешиново-Облешево.

Претседателот отвори расправа и по оваа точка.

Бидејќи никој не се јави за збор, истата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 14 гласа „ЗА“, против и воздржани-нема, Советот на Општина Делчево ја донесе Одлуката за формирање на заедничка комисија за меѓуопштинска соработка помеѓу општина Општина Штип, Општина Берово, Општина Виница, Општина Делчево, Општина Зрновци, Општина Карбинци, Општина Кочани, Општина Македонска Каменица, Општина Пехчево, Општина Пробиштип и Општина Чешиново-Облешево.

**Трета точка-Решение за именување на членови на заедничка комисија за меѓуопштинска соработка помеѓу општина Општина Штип, Општина Берово, Општина Виница, Општина Делчево, Општина Зрновци, Општина Карбинци, Општина Кочани, Општина Македонска Каменица, Општина Пехчево, Општина Пробиштип и Општина Чешиново-Облешево.**

Ивана Ивановска рече дека за членови во заедничката комисија се именуваат Ивана Ивановска и Влатко Мицевски, вработени во Општина Делчево.

Претседателот отвори расправа по точката.

Бидејќи никој не се јави за збор, истата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 14 гласа „ЗА“, против и воздржани-нема, Советот на Општина Делчево го донесе Решението за именување на членови на заедничка комисија за меѓуопштинска соработка помеѓу општина Општина Штип, Општина Берово, Општина Виница, Општина Делчево, Општина Зрновци, Општина Карбинци, Општина Кочани, Општина Македонска Каменица, Општина Пехчево, Општина Пробиштип и Општина Чешиново-Облешево.

**Четврта точка- Квартален извештај за извршувањето на Буџетот на општина Делчево за квартал 3 од 01.01.2022 до 30.09.2022 со Заклучок за усвојување ;**

Образлжение по оваа точка поднесе Анка Христова која истакна дека извршувањето на буџетот на општина Делчево за третиот квартал 2022 година, изнесува 66,6% односно од вкупно планираните 298.425.385 ден.приходи за третиот квартал се реализирани 195.824.907 денари или 65,6%.

Од нив, во основниот буџет, од планирани 91.567.000 реализирани се 55.978.205 ден. или 61%.

Вкупните тековно-оперативни расходи се планирани во износ 250.447.985, а се реализирани 169.832.549 или 68%, а во основниот буџет истите биле планирани 57.693.000, а се реализирани 41.823.017 или 72%

Вкупните капитални приходи од 5.500.000 реализирани се 5.029.216 или 90%

Вкупните капитални расходи од планираните 39.424.000, реализирани се 16.700.486 или 42,3%,

Во буџетот на наменската дотација од планираните 182.945.807 реализирани се 125.219.175 или 68%

Во буџетот на самофинансирачки активности од планирани 12.838.000 реализирани се 5.588.369 денари и во буџетот на кредити во 3 квартал од планираните 5,700.000 се реализирани 4.517.358 или 40,5%.

Даночните приходи се наплатени во износ од 28.643.245 ден. од вкупно планирани 44.053.000 ден. или 65%. Наплатата од даноци на имот е во износ од 13.993.488, од даноци од вкупно планираните 20.010.000 или 70%. Даноците од специфични услуги во износ од планираните 19.613.000 наплатени се 12.559.539.

Неданочните приходи се планирани во износ од 10.308.000 ден. и тоа се приходи од административни такси и надоместоци, а се реализирани во износ од 7.026.945 денари. Во основниот буџет се планирани 2.470.000, а се реализирани 1.438.576. Административни такси и надоместоци се планирани 8.188.000, а се реализирани 6.055.442, трансферите и донациите се планирани 238.364.385, а се реализирани 157.195.081, од нов во основниот буџет биле планирани 45.044.000, а се реализирани 25.896.384 или 57%.

Вкупните расходи се планирани во износ од 181.623.000 денари. Од нив се реализирани 130.147.507, од нив во основниот буџет од планирани 29.501.700, се реализирани 21.244.995 или 78%.

На групата 40 реализирани се 14.361.543 ден. од вкупно планирани 18.403.000 ден., овде влегуваат платите, придонесите од плати и други надоместоци.

На 402 во основниот буџет биле планирани 7.234.700, а се реализирани 5.593.194 или 77%, надоместоците се реализирани во износ од 1.290.258 од планираните 3.864.000 или 33%.

На ставката 423-Материјали и ситен инвентар планирани биле 3.047.000, реализирани се 1.880.350 или 62%. На ставката 426 други терковни расходи биле планирани 3.505.000, а се реализирани 2.115.544 или 60%. На ставката за привремени вработувања 427 биле планирани 2.315.000.

Стоки и други услуги се реализирани 17.015.314 од 22.277.300 во основниот буџет, а вкупно планирани биле 59.810.705 од кои во 3 квартал се реализирани 33.592.999

На група 46 планирани се биле 2.684.000 од кои се реализирани 952.179 ден.или ( до здруженија на граѓани. На потставката 463 трансфери до невладини организации биле планирани 1.000.000 денари, а се исплатени 182.000. Потставка 464 разни траснфери-биле планирани 1.684.000., а се реализирани 770.179 или 44%.

На групата 47 Социјални бенефиции биле планирани 950.000, а се реализирани 683.774 денари.

И на крајот во група 49 влегуваат капиталните расходи кои се реализирани во износ од 16.700.486 денари од планираните 39.424.000 или 43%, додека на ставка 482 се реализирани 15.511.260 од планираните 33.684.000 ден.

Доколку има прашања, повелете, рече Анка Христова.

Претседателот отвори расправа по точката.

За збор се јави Иван Гоцевски кој рече и од Буџетот и од Завршната сметка може да се забележи дека најголем процент од приходите се за плати и надоместоци на вработените што само по себе зборува дека буџетот нема развојна компонента. Ако се анализира расходниот дел се заблежува дека има тенденција на зголемување или раст на неколку непродуктивни конта (патни и дневни, репрзентации, догорорни услуги). За патни и дневни се потрошени над 250.000 денари од парите на граѓаните. Она што боде в очи е дека на процентот на реализација е најголем на сите непродуктивни ставки, освен

трансфери до невладини организации (463) каде е мал процентот на реализација. Затоа, праша тој, зошто и во третиот квартал нема реализација на тие средства, односно нема исплата и покрај донесените одлуки од страна на Советот на Општина Делчево?

Раководителката на Одделението за буџет, сметководство и администрирање на даноци рече дека и претходно на седниците кажала дека оваа година немало распишано јавен повик и самите советници инсистирале да се доделуваат средства за издржани и реализирани проекти, а не само по основ на поднесено барање. Точно, Советот има донесено одлуки, за некои одлуки донесени од Советот има исплата, за некои не, до крајот на годината има време, можно е и да има исплата, рече таа.

Кирил Тренчевски имаше реплика на дискусијата на Иван Гоцевски и рече дека платата и надоместоците не се одредуваат од страна на градоначалникот, а што се однесува до реализацијата на буџетот, за 3 квартал е 66,6%, до крајот на годината сигурно ќе биде над 90%.

Контра реплика имаше Иван Гоцевски кој рече дека не спомнал дека буџетот не е добро проектиран туку имал забелешка зошто не се исплатуваат средства до здруженија на граѓани, а има донесени одлуки на Совет.

Тони Стаменковски рече дека со Планот за 2022 година на 426210 репрезентациите се планирани на 630.000, а се реализирани 465.000, односно остануваат за реализација 301.690. Тој праша дали на ставката 426990 други оперативни расходи има трошоци за репрезентација?

Анка Христова рече трошоците за репрезентации се планирани на конто 426 и од планираните 465.000 се реализирани 240.000.

Сашко Ивановски побара да му биде доставен писмен одговор на прашањата:

- Колку средства се прибрани во Буџетот на Општина Делчево за 2022 година од 01.01.2022 до 01.11.2022 година по основ на надоместок за уредување на градежно земјиште?
- Колку средства се прибираат секој месец по основ на комиунална такса од улично осветлување?
- Колку лица се ангажирани преку Агенција за привремени вработувања и ако може да се достави листа со име и презиме?

Бидејќи никој друг не се јавуваше за збор, расправата по оваа точка беше затворена и истата беше ставена на гласање.

Со 8 гласа „ЗА“ и 6 „ВОЗДРЖАНИ“, против-нема, Советот на Општина Делчево го донесе Заклучокот за усвојување на Кварталниот извештај за извршувањето на Буџетот на општина Делчево за квартал 3 од 01.01.2022 до 30.09.2022.

**Петта точка-Програма** за дополнување на Програмата за изработка на урбанистички планови на подрачјето на општина Делчево за 2022 година;

Оваа точка ја образложи Горан Петровски кој рече дека до Општина Делчево се доставени неколку иницијативи за урбанизација кои се однесуваат на утврдување на потреба за изработка на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за намена Е1.13-поставување на фотоволтаични централи. Во Програмата за изработка на урбанистички планови на подрачјето на Општина Делчево за 2022 година бр. 09-2544/1 од 28.12.2021, по точката 26, се додаваат уште 9 точки, односно од 27 до 35. Сите се надвор од урбанистички опфат

Претседателот отвори расправа по точката, за збор се јави Тони Стаменковски кој рече дека со постојаното дополнување на оваа Програма со точки, односно иницијативи

за урбанизација кои се однесуваат на утврдување на потреба за изработка на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за намена Е1.13-поставување на фотоволтаични централи. Со тоа се гледа еднострано, т.е. сами интересот на инвеститорите, а не и јавниот интерес, интересот на граѓаните. Зрмјоделското земјиште во Делчево ќе се натрупа со отпад и во блиска перспектива ќе се претвори во „стаклена долина“ со што ќе стане неспособно за обработка. Сметам дека во иднина треба да се однесат некои акти со кои ќе се регулира што може, а што не може да се поставува на земјоделско земјиште, да има некоја рамка, некој опфат, граници и прецизно да се утврди што може да се поставува на земјоделско земјиште, а што не може, рече тој.

Претседателот на Советот Гоце Попов рече дека ставовите на советникот од Левица се контрадикторни бидејќи пред само 2 седници упорно се залагал да се поставуваат фотоволтаици и да се формира јавно претпријатие за производство на електрична енергија, а сега дискутира сосема спротивно. Право на секој инвеститор е на сопствен трошок да бара урбанизација на земјоделското земјиште. Делчево има голема површина на необработливо земјоделско земјиште кое со години не се обработува и добро е што земјоделското земјиште се урбанизира, рече тој и истакна дека навистина му е чуден ставот на Левица како партија или личниот став, на советникот Тони Стаменковски.

Реагираше Тони Стаменковски кој рече дека неговата забелешка е што со таквата урбанизација се гледа само бенефитот на инвеститорот, а не јавниот и не бенефитот на Општина Делчево. Што се однесува до претходните седници кога тој предлагал формирање на ЈП за производтво и дистрибуција на електрична енергија, тој рече дека неговиот и предлог на Левица како партија е да се поставуваат фотоволтаици на обејкти, а не на земјоделско земјиште.

Претседателот на Советот рече дека Општина Делчево веќе неколку години поставува фотоволтаици на локални објекти, а што се однесува до иницијативите за дополнување на оваа програма, земјиштето е о сопственост на инвеститорите и веќе има 20-тина инвеститори во таа област.

Дејан Георгиевски истакна дека оваа точка била разгледана на седница на Комисијата за урбанизам и образлагачот појаснил дека има измени на законот за земјоделско земјиште и дека со новите измени само земјоделското земјиште од V, VI I VII категорија може да се пренаменува во градежно земјиште.

Тони Стаменковски го праша образлагачот колку од тие иницијативи со кои се дополнува Програмата се на правни, а колку на физички лица?

Горан Петровски рече дека само 1 е на физичко лице, а сите други се на ЕВН Македонија.

Бидејќи никој друг не се јавуваше за збор, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 8 гласа „ЗА“, 1 „ПРОТИВ“и 5 „ВОЗДРЖАНИ“, Советот на Општина Делчево ја донесе Програмата за дополнување на Програмата за изработка на урбанистички планови на подрачјето на општина Делчево за 2022 година;

6.Акциски план за намалување на последиците од КОВИД 19 кај ромската етничка заедница во пост-КОВИД период на локално ниво Општина Делчево со период на имплементација од 2023 година до 2024 година со Заклучок за усвојување.

7. Заеднички Локален Акциски план на Општина Делчево и ромската етничка заедница со период на имплементација од 2023 година до 2026 година со Заклучок за усвојување;

**Овие две точки беа повлечени од страна на образлагачот во текот на расправата по 6 точка бидејќи имаше повеќе забелешки во врска со истата и беше даден рок од 10 дена за доставување на забелешките.**

**Осма точка-Шеста точка-Одлука за задолжување со комунална такса за користење и одржување на јавно осветлување;**

Точката ја образложи Тони Стоименовски кој рече дека оваа одлука се донесува врз основа на Законот за комуналните такси и со неа се задолжуваат со комунална такса за улично освтелување сите иматели на електрични броила. Општина Делчево со средствата што ги прибира по тој основ инвестира постојано во обновување и одржување на мрежата за улично светлување. Во 2021 година биле прибрани помалку средства од таксата за улично осветлување и затоа од страна на Општина Делчево до ЕВН Македонија било пуштено барање за доставување на податоци на сите лица кои не се задолжени, т.е. се ослободени од плаќање на комунална такса. Тони Стоименовски наведе дека согласно податоците добиени од ЕВН Македонија, во Општина Делчево од плаќање на комунална такса за користење и одржување на јавно осветлување се ослободени 351 иматели на броило за потрошувачка на електрична енергија кои што живеат во населени места каде што има поставено јавно осветлување. Доколку се земе во предвид дека комуналната такса изнесува по 3 евра месечно за користење и одржување на јавно осветлување, излегува дека Општина Делчево секоја година генерира загуба од околу 15.000 евра. Согласно тоа, Општината предлага Советот да донесе Одлука со која со комунална такса за користење и одржување на јавно осветлување ќе се задолжат сите иматели на броило од категоријата домаќинство и сите иматели на броило од категоријата останата потрошувачка регистрирани во трговското друштво надлежно за дистрибуција на електрична енергија на територијата на Општина Делчево, вклучувајќи ги сите населени места. Со донесувањето на оваа Одлука ќе престанат да важат сите Одлуки за ослободување од плаќање на комунална такса за јавно осветлување донесени од претходниот Совет на Општина Делчево, а на некоја од наредните седници на Советот ќе бидат донесени нови Одлуки за ослободување од плаќање на комунална такса за јавно осветлување на нивите и населените места каде што нема јавно осветлување. Доколку имате прашања, повелете, рече тој.

Претседателот отвори расправа по точката и за збор се јави Марио Скакарски кој ги информираше членовите на Советот дека оваа точка била разгледана на Комисијата за комунални работи и сообраќај, при што била потенцирана потребата од донесување на една ваква одлука бидејќи според евиденцијата на ЕВН 351 лице од Централното градско подрачје не плаќаат комунална такса. На седница на Комисијата исто така се дискутирало и за донесување на одлуки за ослободување од комунална такса во населени места каде нема поставено мрежа за улично осветлување, како и за ослободување на имателите на броила поставени на земјоделско земјиште и задолжување со комунална такса на имателите на броила во населени места каде во меѓувреме е поставена мрежа за улично осветлување. Имајќи го предвид член 6 од Законот за коуналните такси тој предложи, во

членот 1 од одлуката која е на дневен ред, да се додаде нов став 2 кој ќе гласи: ***Се ослободуваат од плаќање на комунална такса од членот 3 став (1) точка 10 на овој закон имателите на броила за мерење на електрична енергија во населените места каде што нема јавно осветлување.***

Иван Гоцевски побара од образлагачот да се достави до советниците Барањето на Општина Делчево кое е доставено до ЕВН Македонија.

Тони Стоименовски рече дека мсета оти тоа било барање за информации од јавен карактер доставено , но за точна информација-ќе провери и ќе го достави барањето до советниците.

Сашко Ивановски рече дека ЕВН Македонија треба да ги достави со име и презиме тие 350 лица да се знае кои се тие луѓе и да се побара податок на колку корисници се фактурира комуналната такса за улично осветлување и колку од нив плаќаат, а колку не.

Тони Стоименовски рече дека за тие 351 корисник не се задолжени од страна на ЕВН со такса за улично осветлување, а има и такви кои се задолжени ама не плаќаат, рече тој. Во врска со предлогот на Марио Скакарски тој рече дека во оваа одлука која е за задолжување не може да се стави ност став за ослободување туку на нареден Совет може да се донесат нови одлуки за ослободување.

Кирил Тренчевски побара од претседателот да го стави на гласање предлогот на Марио Скакарски.

За збор се јави и секретарот на Општина Делчево, Билјана Прачкоска која рече дека не може во Одлука која се однесува на задолжување со комунална такса за користење и одржување на јавно осветлување, да се додава нов член за ослободување бидејќи сама по себе ќе биде збунувачка, спред неа, тоа треба да биде посебна одлука во која ќе бидат наведени сите населени места каде нема улично осветлување и со неа да бидат осободени од такса имателите на броила.

Тони Стоименовски рече дека може во Одлуката која е на дневен ред, да се доаде нов член кој ќе гласи:Одлуката ќе се применува од 01.01.2023 година, а до крајот на годината да се донесат одлуки за ослободување од комунална такса за улично осветлување

Претседателот на Советот, Гоце Попов рече дека мора да бидат донесени одлуки за ослободување од комунална такса бидејќи тоа е предвидено во член 6 став 2 од Законот за комуналните такси и во тие одлуки да бидат точно прецизирани населените места кои ќе бидат ослободени од таксата.

Иван Гоцевски рече дека можеби треба да се размисли кога се донесуваат одлуки за ослободување од комунална такса за улично осветлување да се имаат предвид социјално ранливите категории и луѓе кои не се тука, не живеат тука.

Тони Стоименовски рече дека согласно законот со такса за улично осветлување се задолжуваат сите корисници, освен имателите на електрични броила во населени места каде нема поставено улично осветлување, инаку задолжувањто со такса зависи од бројот на електрични броила. Совилајно ранливите категории имаат други основи по кои можат да остваруваат неои права.

Бидејќи никој друг не се јавуваше за збор, расправата по точката беше затворена и претседателот на Советот предложи во Одлуката да се додаде нов член 4 кој ќе гласи:„ Одлуката ќе почне да се применува од 01.01.2023 година.

Предлогот беше ставена на гласање.

Со 8 гласа „ЗА“ и 6 „ВОЗДРЖАНИ“, Советот на Општина Делчево го усвои предлогот за дополнување со член 4 на Одлуката за задолжување со комунална такса за користење и одржување на јавно осветлување.

На гласање беше ставена и Одлуката за задолжување со комунална такса за користење и одржување на јавно осветлување.

Истата беше донесена со 8 гласа „ЗА“ и 5 „ВОЗДРЖАНИ“.

Деветта точка- Предлог-Одлука за формирање на Локален совет за превенција;

Образложение по оваа точка поднесе Тони Стоименовски кој истакна дека со оваа одлука се формира Локален Совет за Превенција како советодавно и координативно тело, заради остварување на соработка и зацврстување на влијанието на јавноста во работата на полицијата. Целта на Локалниот Совет за Превенција се состои во изградба на заеднички препораки за подобрување на јавната безбедност на подрачјето на општина Делчево, како и градење на доверба и партнерски односи во превенирањето на појавите што влијаат на јавната безбедност и безбедноста на сообраќајот на патиштата. Локалниот Совет за Превенција е составен од претставници на локалната и централната власт, како и други владини и невладини организации. Истиот се состои од 17 члена (дадени во Одлуката) и со него претседава градоначалникот на општина Делчево.

Претседателот отвори расправа по точката.

Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена и точката беше ставена на гласање.

Со 13 гласа „ЗА“, против и воздржани-нема, Советот на Општина Делчево ја донесе Одлуката за формирање на Локален совет за превенција.

Десетта точка-Одлука за формирање на Совет за јавно здравје на Општина Делчево;

И оваа точка ја образложи Т.Стоименовски кој истакна дека со оваа одлука се формира Совет за јавно здравје на Општина Делчево, составен од 5 члена, од кои 4 члена-претставници на Општината (администрација и Совет на Општина) и 1 член-претставник на Центарот за јавно здравје Кочани, РЕ Делчево. За членови на Советот за јавно здравје се избираат:

1. Тони Стоименовски, претставник на Општината
2. Даниела Такева , претставник на Општина
3. Бојана Гоцевска , претставник на Советот на Општината
4. Стефанија Атанасова Јовановски, претставник на Советот на Општината
5. Иван Никовски, претставник на Центарот за јавно здравје Кочани, РЕ Делчево

Советот за јавно здравје на Општина Делчево има задача да ги проучува прашањата и политиките во областа на јавното здравје, да изготвува мислења, да дава иницијативи и/или предлози до органите на единиците на локалната самоуправа.

Претседателот отвори расправа по точката. Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 12 гласа „ЗА“, пшротив и воздржани-нема, Советот на Општина Делчево ја донесе Одлуката за формирање на Совет за јавно здравје на Општина Делчево.

Единаесетта точка Одлука за формирање на Комисија за унапредување на правата на пациентите;

Точката ја образложи Т.Стоименовски кој рече дека Комисијата се сотои од 9 девет члена и тоа: двајца претставници на пациентите - членови на здруженијата на пациенти, двајца претставници од невладините организации што се занимаваат со човечките права и граѓанските иницијативи, двајца лекари од општината и тројца членови делегирани од советот на општина Делчево.За членови на Комисија за унапредување на правата на пациентите во општина Делчево се избираат:

1. Лидија Дамјанова-Здружение на пациенти дијабетичари
2. Ермина Реџепова -Здружение на пациенти
3. Виолета Арсова, примариус доктор во пензија
4. Тонкица Петровска, примариус доктор во пензија
5. Бети Толевска-ЗГ „КХАМ“,-Делчево
6. Александар Николовски, ЗГ „Бравура кооператива
7. Зекир Абдулов, член на Советот на Општина Делчево
8. Јасмина Ќурчиска, член на Советот на Општина Делчево
9. Тони Стаменковски , член на Советот на Општина Делчево

Претседателот отвори расправа по точката. Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 12 гласа „ЗА“, против и воздржани-нема, Советот на Општина Делчево ја донесе Одлуката за формирање на Комисија за унапредување на пациентите.

Дванаесетта точка-Одлука за формирање на Совет за заштита на потрошувачите.

Во врска со оваа точка, образлагачот рече дека се формира Совет за заштита на потрошувачите на општина Делчево од 9 члена во следниов состав:
1. Гоце Попов, претседател (Совет на Општина)
2. Марио Скакарски, член (Совет на Општина)
3. Оливера Ташевска ,член (Совет на Општина)
4.Сребран Ѓорѓиевски,член Здружение на потрошувачи, здружение на граѓани
5.Розета Такева, член, НВО КХАМ
6. Виктор Колевски,член-ЈПКД „Брегалница“-Делчево
7. Ѓоко Петровски ,член - УЗ Први Реон
8. Љупчо Димитровски ,член – МЗ с. Драмче
9.Митра Илиевска,член - Државна пазарна инспекција

Членовите на советите за заштита на потрошувачите на општините, односно градот Скопје се избираат од редовите на советниците, здруженијата на потрошувачи и од други здруженија на граѓани, јавните претпријатија, стопанските комори и од државните органи на инспекцискиот надзор кои имаат надлежности поврзани со заштита на потрошувачите.

Претседателот отвори расправа по оваа точка.

За збор се јави Иван Гоцевски кој праша зошто се донесува одлука на Совет кога заштитата на правата на потрошувачите е пропишана со закон?

Т.Стоименовски рече дека токму заради тоа што Законот прпишува, потребно е Советот да донесе одлука за формирање на вакви тела, замислата е поголемо учество на граѓаните.

Бидејќи никпј друг не се јавуваше за збор, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 12 гласа „ЗА", против и воздржани-нема, Советот на Општина Делчево ја донесе Одлуката за формирање на Совет за заштита на потрошувачите.

**Тринаесетта точка-Одлука за одобрување на финансиски средства за печатење на книга „Дејноста на МРО во Пијанец од создавањето до крајот на Илинденското востание".**

Оваа точка беше образложена од претседателот на Советот кој рече дека до Советот има доставено барање од страна на Сприндон Митевски со кое тој бара од Советот во рамките на можностите да одобри финансиски средства за печатење на книгата „Дејноста на МРО во Пијанец од создавањето до крајот на Илинденското востание" и предложи сумата да биде 10.000 денари.

Претседателот отрвори расправа по точката.

Бидејќи никој не се јави за збор, расправа беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 12 гласа „ЗА", Советот на Општина Делчево ја донесе Одлуката за одобрување на финансиски средства за печатење на книга „Дејноста на МРО во Пијанец од создавањето до крајот на Илинденското востание".

**Четиринаесетта точка- Заклучок за усвојување на План на Програми за развој на Општина Делчево за 2023 година;**

Оваа точка ја образложи Звонко Атанасов раководител на Секторот за урбанизам кој рече дека за наредната 2023 години во Планот за програми и развој на Општина Делчево се предвидени Изградба на улици Нов пазар во Делчево и тоа: Изградба на Улица 6.1 и Изградба на тротоар на улица 4. Инвестицијата е 7.100.000 денари и истиот план е составен дел на буџетот за 2023.

Претседателот отвори расправа по оваа точка.

За збор се јави Иван Гоцевски кој праша што се случило со Улица 3?

Звонко Атанасов рече дека поради дефект на камион имало грешка, односно асфалтот не бил добро вграден, на што реагирала Општината и фирмата изведувач ја исправила својата грешка на нивен трошок.

Претседателот на Советот праша дали овој План се однесува само на наведените две улици во Планот, дали истиот може да се надополнува со други улици?

Звонко Атанасов рече дека овој План се однесува само на тие две улици, а други улици ќе бидат предвидени со Програмата за уредување на ГЗ и со Програмата за локални патишта и улици за 2023 година.

Бидејќи никој друг не се јави за збор, расправата по оваа точка беше затворена и точката беше ставена на гласање.

Со 12 гласа „ЗА", против и воздржани нема, Советот на Општина Делчево го донесе Заклучокот за усвојување на План на Програми за развој на Општина Делчево за 2023 година.

**Петнаесетта точка-Одлука за изменување на Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Делчево за извршување на Буџетот на Општина Делчево за 2022 година;**

Во врска со оваа точка која беше предложена како дополна на дневниот ред од страна на Кирил Тренчевски, претседателот на Советот рече дека со неа се предвидува измена на Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Делчево за 2022 година бр. 09-2536/1 од 28.12.2021, ( „Службен гласник на Општина Делчево“ бр.14 /2021 година) , членот 15 се менува и гласи:

„ Вработените во општинската администрација имаат право на патни трошоци во случаите кога се упатени на пат врз основа на уредни и веродостојни документи“.

За збор се јави Шабан Багашов кој рече дека мора да им укаже на советниците дека оваа одлука е спротивна на член 27 од Законот за финансирање на ЕЛС каде е предвидено дека Градоначалникот на општина Делчево го предлага буџетот на општината. Советот може да врши измени ама на веќе предложен буџет или одлука од страна на градоначалникот. Во овој случај оваа одлука не е предлог на градоначалникот. Инаку, за информација на членовите на Советот тој рече дека дневниците не се исплатуваат по донесувањето на ребалансот на претходната седница, рече Ш.Багашов.

Претседателот му се заблагодари на Ш.Багашов на укажувањето и бидејќи никој друг не се јави за збор, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 8 гласа „ЗА‘ и 4 „ВОЗДРЖАНИ“, против-нема, Советот на Општина Делчево ја донесе Одлуката за изменување на Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Делчево за извршување на Буџетот на Општина Делчево за 2022 година.

Шеснаесетта точка-Заклучок во врска со барање бр.25-2382/1 од 17/11.2022 на МЗ с.Вирче;

Претседателот на Советот истакна дека до Советот има доставено барање од Месанат заедница Вирче број 25-2382 од 17.11.2022 година, кое се однесува на решавање на проблемот со водоснабдувањето, проблем кој е долгогодишен и треба да биде решен.

Беше отворена расправа по оваа точка.

За збор се јави Јасмина Ќурчиска која предложи:

1.Секторот за урбанизам, уредување на ГЗ, комунални работи и сообраќај и заштита на животната средина да направи увид во целокупната документација во врска со водоснабдувањето во с. Вирче и заедно со надлежните служби во ЈКП „Брегалница“-Делчево и во соработка со ЕВН-КЕЦ Делчево, да направат увид на лице место за утврдување на фактичката состојба;

2. За извршениот увид, да изготви Извештај и да предложи предлог-мерки за решавање на проблемот со водоснабдувањето во с. Вирче (вид на активности, изведувач на активностите и рок за санирање на оштетувањата на водоводната линија);

3. ЈКП „Брегалница“ доколку има услови и потреба да изврши приклучок на водоводната линија;

4. Општина Делчево да побара од ЕВН Макдонија-КЕЦ Делчево поставување на трафостаница;

5. Општина Делчево да го извести Советот на Општина Делчево за сите преземени активности и мерки;

Таа побара нејзините предлози да бидат ставени на гласање.

Бидејќи јникој друг не се јавуваше за збор, расправата беше затворена и истата беше ставена на гласање.

Со 9 гласа „ЗА“ и 3 „ВОЗДРЖАНИ“, против-нема, Советот на Општина Делчево ги прифати предлозите.

На гласање беше ставен **Заклучокот** во врска со барање бр.25-2382/1 од 17/11.2022 на МЗ с.Вирче.

Со 12 гласа „ЗА“, против и воздржани-нема, Советот на Општина Делчево го донесе Заклучокот во врска со барање бр.25-2382/1 од 17/11.2022 на МЗ с.Вирче.

**Седумнаесетта точка-Одлука за одобрување на финансиски средства на НВО„КХАМ“;**

Претседателот на Советот истакна дека до Советот е доставено барање од НВО КХАМ за одобрување на средства за реализација на проект „Да подариме насмевка на секое дете“ со кој ќе бидат опфатени дечиња од ромска заедница кои потекнуваат од социјално ранливи категории. За таа цел претседателот предложи Советот да одобри 60.000 денари.

Беше отворена расправа.

Бидејќи никој не се јави за збор, истата беше затворена, а точката беше ставена на гласање.

Со 12 гласа „ЗА“,против и воздржани-нема, Советот на Општина Делчево ја донесе **Одлуката за одобрување на финансиски средства на НВО„КХАМ.**

**Осуманесетта точка-Одлука за одобрување на финансиски средства на Кик -боксинг клуб „АС“ од Делчево;**

Оваа точка ја образложи претседателот на Советот кој рече дека до него како претседател на Совет е доставено барање за одобрување на финансиски средства на Кик боксинг клуб „АС“ од Делчево. Барањето го поднесуваат за одобрување на средства за учество на Меѓународен кикбоксинг турнир во Пљевља-Република Црна Гора и на Меѓународниот куп кој ќе се одржи во Ниш. Во меѓувреме едниот турнир се одржал и освоени се и медали, а другиот им претстои. Бидејќи еднаш досега се доделувани средства на клубот, претседателот предложи да им се доделат 10.000 денари.

Беше отворена расправа по точката.

Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 12 гласа „ЗА“, против и воздржани-нема, Советот на Општина Делчево ја донесе Одлуката за одобрување на финансиски средства на Кик -боксинг клуб „АС“ од Делчево.

**Деветнаесетта точка-Прашања и предлози на членови на Совет.**

**Марјанчо Велиновски, до директорката на ОЈУДГ „Весели Цветови“-Делчево го постави следното прашање:**

1. Каде го дислоциравте паднатото оревово дрво кое беше откорнато од невремето, дали истото е отстрането од дворот на детската градинка и со Ваша дозвола како директор е преместено/однесено во вилата на висок партиски функционер на СДСМ? Ако е така Вие со Вашето несовесно постапување како директор сте овозможиле стекнување на материјална корист на тоа лице имајќи ја предвид високата цена на ореовото дрво.

**Дејан Георгиевски , до Градоначалникот на Општина Делчево и Секторот за урбанизам**

Предлог-барање:

1.Во Програмата за изградба, реконструкција и одржување на локални патишта иули за 2023 година да се предвиди реконструкција на улицата „Лика Чопова“ и да се предвиди реконструкција на фекалната и атмосферската канализација.

2. Од името на група граѓани – до каде е постапката по Иницијативата за промена на името на тенискиот терен (до Градскиот стадион) поднесена на 17.05.2022 година и барам да се достави Листата за определување на имиња на улици, плоштади, мостови и на други инфраструктурни објекти до мене како член на Советот.

**До директорот на ООУ „Ванчо Прке“-Делчево, директорот на ООУ „Св.Климент Охридски“ и директорот на СОУ „М.М.Брицо“**

1.Дали општинските основни и средното училиште се спремни за претстојната сезона, дали имаат набавено доволни количини на енергенси?

**Иван Гоцевски, До Градоначалникот на Општина Делчево и до Секторот за финансии**

1. Да ни се достават податоци/фактури за Општина Делчево и тоа за за уличното осветлување за 2022 за секој месец и за електрична енергија за секој месец во 2022 година

2.Колку е буџетот на Општина Делчево за 2022 година, а колку изнесува долгот на Општина Делчево?

3. Кој ќе ги плати расходите на општиските функционери кои деновиве се во посета на своите семејства по државите?

Со исцрпувањето на дневниот ред, 16.седница на Советот заврши со работа во 16:20

Записникот го водела

Снежана Трајкова

СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО

Претседател,

Гоце Попов